Бр./Nr 12-191/1
13-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1931/1 од 07.07.2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се доставaт до Министерството за здравство на РСМ.

Предметот со 12-1931/1 од 07.07.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта, на ден 07.07.2025 година, поднесена е пријава во врска со сомневање дека била понудена програма за „почетна едукација од когнитивно-бихејвиорална терапија психотерапија" (КБТ психотерапија), која не била акредитирана од надлежна институција и оформен е предмет број 12-1931/1 од 07.07.2025 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во пријавата, подносителот наведува дека од страна на ------, и ------, преку ------ и ----- вработени во ЈЗУ Универзитетска -------, била доставена понуда до лекари-специјализанти по ------, без дополнителни објаснувања, односно без информации за тоа дали станува збор за акредитирана едукација и дали организаторите се акредитирани супервизори-обучувачи за спроведување обука по -----.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава со прилозите ќе се доставт до Министерството за здравство на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut